B informed

# Рак на дојката и семејна историја

Кога членови од исто семејство се дијагностирани со иста болест, природно е да се размисли дали болеста е наследна.

Оваа брошура нуди одговори на важни прашања во врска со ракот на дојката и семејната историја.

## Дали знаевте?

Најголем број од жените кај кои се открива рак на дојката **немаат семејна историја на болеста.**

Ракот на дојката е честа болест која во голема мера е поврзана со **староењето.**

Ако заболете од рак на дојката, тоа не мора **да значи дека сте наследиле оштетен ген** или дека ќе ја пренесета болеста на вашите деца.

**Колку побрзо ќе се открие ракот,** толку поголема е веројатноста за успешно лекување.

**За BreastScreen NSW**
BreastScreen NSW е бесплатна програма за проверка на дојките, која ја спроведуваат над 150 клиники во Нов Јужен Велс. Проверките преку програмата посебно **им се препорачуваат на жени на возраст од 50 до 74 години.** Сепак, сите жени на возраст над 40 години имаат право да прават проверки преку програмата.

**Контактирајте не**
За да закажете преглед во клиника во ваша близина: 13 20 50

**За да дознаете повеќе**
breastscreen.nsw.gov.au

**За помош од преведувач**
13 14 50

facebook.com/BreastScreenNSW

NSW GOVERNMENT | BreastScreen NSW

**13 20 50**

breastscreen.nsw.gov.au

## Што значи ако имате семејна историја на рак на дојката?

Се смета дека имате ‘семејна историја’ на болеста ако барем една ваша крвна роднина имала рак на дојката.

Многу жени имаат роднина во семејството која била дијагностицирана со рак на дојката. Ова често може да биде случајно земајќи во предвид колку е честа оваа болест.

## Вашата семејна историја е важна кога…

- **Повеќе од една роднина** од истата страна на семејството (страната на вашата мајка или вашиот татко) биле дијагностицирани со рак на дојката.
- **Роднините** кои имаат рак на дојката **се во блиско сродство со вас** (на пример, сестра наместо братучетка) и биле помлади од 50 години кога првпат биле дијагностицирани со болеста.
- **Машки роднини** биле дијагностицирани со рак на дојката.
- Роднините имале рак на **двете** дојки или имале рак на дојката и јајниците.

## Дали ако имам семејна историја на рак на дојката значи дека и јас ќе заболам од болеста?

Во многу мал број на случаи, ракот на дојката може да го предизвика наследен оштетен ген. Иако жените кои наследиле оштетен ген се изложени на поголема опасност да заболат од ракот на дојката, **тоа не значи дека тие сигурно ќе заболат од болеста.**

## Ако имам семејна историја на рак на дојката, кога и колку често треба да правам проверки?

BreastScreen NSW им препорачува на сите жени на возраст меѓу 50 и 74 години редовно да прават мамограм **секои 2 години.** Некои жени, заради природата на нивната семејна историја, можеби треба да прават мамограм почесто.

Откако ќе наполнат 40 години, на жените им се препорачува да прават мамограм еднаш годишно (секоја година) ако:

- имаат  најблиска роднина (родител, брат/сестра или дете) кој бил/а дијагностициран/а со рак на дојката пред да наполни 50 години
- BreastScreen NSW и/или нивниот доктор процениле дека се наоѓаат во ‘Високо ризична категорија (3та категорија)’, користејќи го методот 'Familial Risk Assessment – Breast and Ovarian Cancer' ('Проценка на ризик на изложеност на рак на дојката во семејството – Рак на дојката и јајниците'), кој го подготви Cancer Australia (Австралиско здружение за рак).

Ако се наоѓате во било која од овие категории, можеби ќе биде потребно да направите дополнителни проверки и тестови кои BreastScreen NSW не може да ви ги понуди. Можеби ќе сакате да побарате вашиот доктор да ви даде упат да отидете во клиника за рак во семејството за да направите понатамошни проверки.

Ако имате крвна роднина која била дијагностицирана со рак на дојката на **возраст над 50 години** и кај ко/а не постојат други придонесувачки фактори, тогаш опасноста да заболите од рак на дојката ќе биде слична на таа за општото население. **Ќе ви понудат да правите мамограм секои две години.**

## Што треба да направам ако сум загрижена заради мојата семејна историја?

Ако сте загрижени заради вашата семејна историја на рак на дојката и јајниците, треба **да зборувате со вашиот доктор.**

**Ако било какви нови случаи** на рак на дојката или јајниците биле дијагностицирани во вашето семејство **откако сте го направиле последниот мамограм,** важно е да го/ги известите за тоа вашиот доктор и/или  BreastScreen NSW.

BreastScreen NSW ги собира податоците за вашата семејна историја при секоја посета кога правите мамограм. **Важно е да ги известите во BreastScreen NSW ако овие податоци се изменат.**

9 од 10 жени кои се дијагностицирани со рак на дојката немаат семејна историја на болеста.